# Службен весник на Република Македонија

**Број 60** **24 април 2013, среда** **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1324. | **Уредба** за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените | 2 |
| 1325. | **Одлука** за давање на користење на недвижна ствар на Агенцијата за катастар на недвижности - одделение за катастар на недвижности Велес | 40 |
| 1326. | **Одлука** за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работа за 2012 година на Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица Другово | 40 |
| 1327. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за употреба на вишокот на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица Другово по Годишната сметка за 2012 година | 40 |
| 1328. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија | 40 |
| 1329. | **Одлука** за давање согласност на Годишен извештај за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2012 година | 41 |
| 1330. | **Одлука** за давање согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2013 година | 41 |
| 1331. | **Одлука** за давање согласност на Финансискиот план за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2013 година | 41 |
| 1332. | **Решение** за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа | 41 |
| 1333. | **Програма** за изменување на Програма за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2013 година за финансирање на националните спортски федерации, спортски клубови и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија | 41 |
| 1334. | **Правилник** за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството | 42 |

Стр.
1335. **Правилник** за начинот на пријавување во Регистарот и бришење од регистарот на производители на вино, потребната документација, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот.................... 42
1336. **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на увозници на вино, формата и содржината на образецот на барањето за запишување во Регистарот на увозници на вино како и потребната документација за упис во Регистарот на увозници на вино ........... 45
1337. **Правилник** за престанување на важењето на Правилникот за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените...................................................... 47
Стр.
1338. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на технички преглед ....................................................... 47
1339. **Правилник** за содржината на планот за спречување на хаварии*........... 48
1340. **Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.................................................... 49
1341. **Правилник** за изменување на Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контролата на летање.. 50
1342. **Правилник** за стручно оспособување на друг стручен персонал ............. 50
1343. **Упатство** за дополнување на Упатството за начинот на вршење на надворешна контрола ......................... 60
**Огласен дел**...................................... 1-68

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1324.**

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија” број 92/07, 136/11, 23/13 и 25/13), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.4.2013 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ВИДОТ, НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ЦЕНОВНИКОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

### Општа одредба

Член 1

Со оваа уредба се уредува видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените.

### Видови на здравствени прегледи

Член 2

Здравствените прегледи на вработените кои се вршат од страна на овластените здравствени установи од областа на медицината на труд, при што се користат податоците од изјавата за безбедност на работодавачот, се вршат како:
- претходни прегледи,
- периодични прегледи,
- насочени прегледи, и
- систематски прегледи.

Член 3

Претходните прегледи се вршат заради утврдување на здравствената состојба и работната способност за извршување на работи на работни места на кои поради опасности и/или штетности по безбедноста и здравјето при работа, постои зголемен ризик од повреди и заболувања, согласно стандардниот минимум и процената на ризикот на работното место и карактеристиките на дефинираните професионални штетности и опасности од Содржината на елементите за претходните и периодичните здравствени прегледи и роковите за вршење на периодичните прегледи на вработените која е дадена во Прилог број 5 и е составен дел на оваа уредба.

Претходните прегледи се вршат:
- пред вработување на одредено работно место со зголемен ризик;
- при прекин во обавувањето на работата на одредено работно место со зголемен ризик, подолго од 12 месеци;
- пред преместување на друго работно место со зголемен ризик; и
- при секое утврдување на нов ризик на работното место со зголемен ризик на кое работи вработениот.

Член 4

Периодичните прегледи се вршат заради следење и оценување на здравствената состојба и работната способност на вработените за вршење на работи на работните места на кои поради опасности и/или штетности по безбедноста и здравјето при работа, постои зголемен ризик од повреди и заболувања, согласно стандардниот минимум и процената на ризикот на работното место и карактеристиките на дефинираните професионални штетности и опасности од Содржината на елементите за претходните и периодичните здравствени прегледи и роковите за вршење на периодичните прегледи на вработените која е дадена во Прилог број 5 и е составен дел на оваа уредба.

Член 5

Насочените прегледи се вршат заради следење и оценување на здравствената состојба и работната способност на вработените за вршење на работи на работните места на кои поради опасности и/или штетности по безбедноста и здравјето при работа постои зголемен ризик од повреди и заболувања, согласно стандардниот минимум и процената на ризикот на работното место и карактеристиките на дефинираните професионални штетности и опасности од Содржината на елементите за претходните и периодичните здравствени прегледи и роковите за вршење на периодичните прегледи на вработените која е дадена во Прилог број 5 и е составен дел на оваа уредба.

Насочените прегледи од став 1 на овој член се вршат со насочени иследувања и испитувања, во зависност од причината за упатувањето, и тоа:
- по завршување на боледување, по основ на тешка повреда на работа или боледување во траење од најмалку три месеци;

- по заболувања или повреди кои не се во врска со работата - ако постои сомневање за намалена работна способност;

- ако постои сомневање дека дошло до нарушување на здравјето на вработениот заради работа на одреденото работно место;

- ако се работи за вработен кој што во период од една година, се повредил при работата, три или повеќе пати;

- ако се работи за вработен кој што во период од една година, поради болести или повреди поврзани со работното место, бил пет или повеќе пати болнички лекуван.

Член 6

Систематски прегледи се вршат согласно стандардниот минимум, заради заштита и унапредување на здравјето и зачувување на работната способност, на секој вработен кој работи на работно место кое според проценката на ризикот на работното место, не претставува работно место со зголемен ризик.

**Начин и обем на вршење на здравствените прегледи**

Член 7

Здравствените прегледи од членовите 3, 4, 5 и 6 на оваа уредба се вршат согласно стандардниот минимум од член 22 став 5 од Законот за безбедност и здравје при работа и Содржината на елементите за претходните и периодичните здравствени прегледи и роковите за вршење на периодичните прегледи на вработените, која е дадена во Прилог број 5 и е составен дел на оваа уредба.

При вршењето на периодичните прегледи, освен елементите од Содржината од став 1 на овој член, се зема во предвид и процената на ризикот на работното место и карактеристиките на дефинираните професионални штетности и опасности и роковите за вршење на периодичните прегледи на вработените.

По исклучок од став 2 на овој член, од страна на овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот, може да се препорача скратување на времето за вршење на следниот периодичен преглед.

Член 8

Ако при вршењето на здравствените прегледи од страна на овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот, се утврди дека за оценувањето на здравствената состојба е неопходна претходна медицинска документација, здравствената установа, истата може да ја побара од избраниот лекар на вработениот.

Медицинската документација од став 1 на овој член, од страна на избраниот лекар на вработениот, се доставува до овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот, најдоцна три дена од денот на добивањето на барањето.

Документацијата од став 2 на овој член, од страна на овластената здравствена установа се враќа на избраниот лекар, наредниот ден од денот на приемот.

Член 9

Овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот, при вршењето на здравствените прегледи, може да ги користи веќе постоечките резултати од дијагностичките процедури, кои во моментот на вршењето на здравствениот преглед, не се постари од еден месец.

Ако работодавачот ангажира друга овластена здравствена установа од областа на медицината на трудот, таа може најдоцна до осум дена од денот на ангажирањето да поднесе барање до претходно ангажираната установа за медицина на труд да и биде доставена оригиналната медицинска документација за извршените здравствени прегледи на вработените.

Од страна на претходно ангажираната овластена здравствена установа по медицина на трудот, бараната документација се доставува на новоангажираната установа најдоцна 30 дена од денот на приемот на барањето, при што од страна на двете установи се составува записник за примопредавање на документацијата.

Член 10

Вработениот, се упатува на здравствен преглед од страна на работодавачот, со пополнет упат за претходен преглед, односно со пополнет упат за периодичен, насочен или систематски преглед, кои се дадени во прилозите број 1 и 2, и се составен дел на оваа уредба.

Обрасците од став 1 на овој член се пополнуваат од страна на работодавачот, во два примерока, од кои едниот примерок се доставува до овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот, а вториот примерок останува кај работодавачот.

Член 11

Извештајот за извршениот претходен преглед на вработениот, односно извештајот за периодичниот или насочениот или систематскиот преглед на вработениот се издава од страна на доктор, специјалист по медицина на трудот, од овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот, кои се дадени во прилозите број 3 и 4 и се составен дел на оваа уредба.

Извештаите од став 1 на овој член се пополнуваат од страна на докторот специјалист по медицина на трудот во три примерока, од кои од страна на овластената здравствена установа по еден примерок се доставува до работодавачот и вработениот, најдоцна 15 дена од денот на извршениот здравствен преглед.

Примерокот на извештајот кој од страна на овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот се доставува до работодавачот, не ги содржи точките 1. и 2. од извештајот од став 1 на овој член кои се однесуваат на податоците за мислењето за здравствената состојба и работната способност и препораките за вработениот.

Член 12

Здравствените прегледи се вршат во просториите на овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот, а дел од прегледите може да се вршат и во просториите на работодавачот, доколку се обезбедени просторните услови за вршење на здравствена дејност, согласно прописите од овласта на здравствената заштита.

Вработениот се упатува на здравствен преглед од страна на работодавачот најдоцна 30 дена пред истекот на временскиот период од претходно извршениот здравствен преглед.

Член 13

Здравствените прегледи на вработените од дејностите кои се уредени со посебни прописи, се вршат на начин како што е уредено со тие прописи.

Член 14

Висината на трошоците на здравствените прегледи на вработените во зависност од видот, начинот и обемот е дадена како цени на пакети на здравствени прегледи на вработените за претходните, периодичните, насочените и систематските прегледи, во Ценовникот на здравствените прегледи на вработените, кој е даден во Прилог број 6 и е составен дел на оваа уредба.

Член 15

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-2299/1<br>16 април 2013 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Владимир Пешевски**, с.р. |

**ПРИЛОГ БРОЈ 1**

____________________
(работодавач)

________________
(регистерски број)

__________________
( адреса)

________________
(шифра на дејноста)

____________/______
број на упат (датум)

**УПАТ ЗА ПРЕТХОДЕН ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД**

Се упатува на претходен преглед___________________________
(име , татково име и презиме)
роден(а) ________________ год , во __________________________
(место и општина)
по професија :_______________, кој (а) треба да работи на работно место

_______________________________ заради оценка на здравствената

состојба и работна способност за извршување на работа на тоа работно место.

Краток опис на работата на работното место:
________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________
__________

Проценети ризици на работното место според изјавата за безбедност:
__________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________
______________________________________________________________________

(МП) Работодавач

________________________

**ПРИЛОГ БРОЈ 2**

____________________
(работодавач)

________________
(регистерски број)

____________________
( адреса)

_______________
(шифра на дејноста)

____________/______
број на упат (датум)

## УПАТ ЗА ПЕРИОДИЧЕН/НАСОЧЕН/СИСТЕМАТСКИ ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД

Се упатува на периодичен, (насочен, систематски) преглед______________________________________________________________
(име , татково име и презиме)
роден(а) _________________ год , во ______________________________
(место и општина)
по професија :_______________, кој (а) треба да работи на работно место

_________________________________ заради оценка на здравствената

состојба и работна способност за извршување на работа на тоа работно место.

Краток опис на работата на работното место:
_____________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________

Проценети ризици на работното место според изјавата за безбедност:
_____________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________

(МП) Работодавач

_____________________________

**ПРИЛОГ БРОЈ 3**

___________________________ ___________________
(овластена здравствена установа ( датум на прегледот)
за медицина на труд) _____________________________

_________________________
( адреса) (број на амбулантниот протокол)

_________________________
(број на здравствениот картон)

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРЕТХОДЕН ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД**

Врз основа на упатот за претходен преглед бр _________ од ________________год., извршен е преглед на__________________________________
(име татково име и презиме)
роден(а)______________год, по професија______________________________________
кој (а) работи на работно место______________________________________________
Врз основа на извршените прегледи во согласност со Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на Република Македонија„бр_____) се дава:

**М И С Л Е Њ Е**

1.* Патолошки состојби
(дијагнози):___________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

2.*Препораки за вработениот:
____________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

3. Препораки за работодавачот и податоци за постоење на професионални болести и болести во врска со работата:
____________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

4. Оцена на работната способност/ Наод и мислење:

____________________ (МП) (потпис и факсимил на
(место и датум) доктор специјалист по медицина на труд)

*Точките 1 и 2 не се пополнуваат на примерокот за работодавачот

**ПРИЛОГ БРОЈ 4**

_____________________________
_____________________
(овластена здравствена установа
за медицина на труд)

_________________________
( адреса)

( датум на прегледот)
_______________________________

(број на амбулантниот протокол)
___________________________
(број на здравствениот картон)

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПЕРИОДИЧЕН/НАСОЧЕН/СИСТЕМАТСКИ ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД**

Врз основа на упатот за претходен преглед бр _________ од ________________год., извршен е преглед на___________________________
( име татково име и презиме)
роден(а)_______________год, по професија____________________________
кој (а) работи на работно место_______________________________________

Врз основа на извршените прегледи во согласност со Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на Република Македонија„ бр_____) се дава:

**М И С Л Е Њ Е**

1.* Патолошки состојби (дијагнози):
_____________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________

2.*Препораки за вработениот:
_________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________

3. Препораки за работодавачот и податоци за постоење на професионални болести и болести во врска со
работата:______________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________

4. Оцена на работната способност/ Наод и мислење:

_____________________ (МП) (потпис и факсимил на доктор
(место и датум) специјалист по медицина на труд)

*Точките 1 и 2 не се пополнуваат на примерокот за работодавачот

**ПРИЛОГ БРОЈ 5**

СОДРЖИНА НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ЗА ПРЕТХОДНИТЕ И ПЕРИОДИЧНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ И РОКОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЕРИОДИЧНИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

## 1. Барања и оптоварувања

### 1.1. Сетило за вид

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Тестирање на видните функции: форија, фузија, стереоскопски вид, колорен вид
- Ако постои барање за зачувување на видното поле - периметрија
- Ако постои барање за зачувување на видот во темно: адаптација на темно - никтометрија

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Тестирање на видните функции: форија, фузија, стереоскопски вид, колорен вид
- Ако постои барање за зачувување на видното поле - периметрија
- Ако постои барање за зачувување на видот во темно: адаптација на темно - никтометрија
- По индикација преглед од офталмолог

Рок: 12 месеци

### 1.2. Сетило за слух

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- По индикација преглед од ОРЛ специјалист

( *даден во член 22 став (5) од Законот за безбедност и здравје при работа )

Рок: 12 месеци
- При експозиција на бучава еднаква или повисока од 85 дБ(А) - прв периодичен преглед по 12 месеци, а потоа секои 24 месеци
- При експозиција на бучава еднаква или повисока од 90 дБ(А) - прв периодичен преглед по 6 месеци, а потра секои 12 месеци

### 1.3. Мирис и вкус

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза со тестирање на сетилата за мирис и вкус

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза со тестирање на сетилата за мирис и вкус

Рок: 18 месеци

**1.4. Рамнотежа**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- Тестирање на видните функции: форија, фузија, колорен вид

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- Тестирање на видните функции: форија, фузија, колорен вид
- По индикација-преглед од офталмолог
- По индикација-преглед од ОРЛ специјалист

Рок: 12 месеци

**1.5 Ефекторни барања и оптоварувања**
**1.5.1 Динамички**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- По индикација: тест со физички напор (респираторен и кардиоваскуларен систем)

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- По индикација: тест со физички напор (респираторен и кардиоваскуларен систем)

Рок: 12 месеци

**1.5.2 Статички**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- По индикација: испитување на силата на мускулите ангажирани во статичката работа

Рок: 12 месеци

**1.5.3 Повторувачки брзи движења и принудна положба**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза, статус со посебно фокусирање на локомоторен и нервен систем

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза, статус со посебно фокусирање на локомоторен и нервен систем

Рок: 12 месеци

**1.6 Психички барања и оптоварувања**
**1.6.1 Когнитивни**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Психолошки преглед насочен кон испитување на когнитивната функција
- По индикација преглед од невролог или психијатар

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Психолошки преглед насочен кон испитување на когнитивната функција
- По индикација преглед од невропсихијатар (невролог и психијатар)

Рок: 12 месеци

**1.6.2 Психосензорни**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Психолошки преглед насочен кон испитување на сензорните функции
- По индикација преглед од невропсихијатар (невролог и психијатар)

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Психолошки преглед насочен кон испитување на сензорните функции
- По индикација преглед од невропсихијатар (невролог и психијатар)

Рок: 12 месеци

**1.6.3 Психомоторни**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Психолошки преглед, насочен кон испитување на моторните функции
- По индикација преглед од невропсихијатар (невролог и психијатар)

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Психолошки преглед, насочен кон испитување на моторните функции
- По индикација преглед од невропсихијатар (невролог и психијатар)

Рок: 12 месеци

**1.6.4 Емоционални**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Насочен психолошки преглед, според идентификуваните стресогени фактори
- По индикација преглед од невропсихијатар (невролог и психијатар)

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Насочен психолошки преглед, според идентификуваните стресогени фактори
- По индикација преглед од невропсихијатар (невролог и психијатар)

Рок: 12 месеци

## 2. Физички штетности

### 2.1 Неповолна осветленост

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Тестирање на видните функции: форија, фузија, стереоскопски вид, колорен вид

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Тестирање на видните функции: форија, фузија, стереоскопски вид, колорен вид
- Периметрија, по индикација
- Испитување на адаптација на темно, по индикација

Рок: 12 месеци

### 2.2 Бучава

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза (посебен осврт на заболувања кои се контраиндикација за работа во бучава).
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- Едукација за превентивните мерки за заштита на слухот и личните заштитни средства.

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза (посебен осврт на заболувања кои се контраиндикација за работа на бучава)
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг-ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- По индикација преглед од ОРЛ- специјалист
- Едукација за превентивните мерки за заштита на слухот и личните заштитни средства.

Рок:

При експозиција на бучава еднаква или повисока од 85 дБ(А) - прв периодичен преглед по 12 месеци, а потоа на секои 18 месеци

При експозиција на бучава еднаква или повисока од 90 дБ(А) - прв периодичен преглед по 6 месеци, а потоа на секои 12 месеци

### 2.3 Работа во неповолни микроклиматски услови

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Ергометрија
- Колд тест за лица кои работат на ладно.

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Ергометрија
- Колд тест за лица кои работат на ладно
- По индикација: плетизмографија, Доплер

Рок: 12 месеци

### 2.4 Вибрации

#### 2.4.1 Општи

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг-ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)

Рок: 12-месеци

#### 2.4.2 Локални

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза со статус фокусиран на локомоторен и нервен
- систем
- Испитување на сензибилитетот за болка, допир и вибрации
- По индикација: тест на провокација со ладна вода (Цолд тест),
- плетизмографија, Допплер

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза со статус фокусиран на локомоторен и нервен
- систем
- Испитување на сензибилитетот за болка, допир и вибрации
- Капилароскопија
- Тест на провокација со ладна вода (Цолд тест)
- РТГ на скелет на шепи и лактови, рамен зглоб
- по индикација: плетизмографија, Допплер, сцинтиграфија на скелет на шепи и лактови, ЕМГ

Рок: 12 месеци

### 2.5 Забрзување и забавување (акцелерација и децелерација)

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Испитување на сетилото за вид: форија фузија колорен вид
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- Психолошки преглед (психофизиолошки способности и карактеристики на личноста)
- Ергометрија

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Испитување на сетилото за вид: форија фузија колорен вид

- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- Психолошки преглед (психофизиолошки способности и карактеристики на личноста)
- Ергометрија

Рок: 12 месеци

**2.6 Зголемен и намален атмосферски притисок**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Испитување на сетилото за вид : форија фузија колорен вид
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- Психолошки преглед (психофизиолошки способности и карактеристики на личноста)
- Ергометрија

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Испитување на сетилото за вид : форија фузија колорен вид
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- Психолошки преглед (психофизиолошки способности и карактеристики на личноста)
- Ергометрија
- По индикација преглед од невропсихијатар (невролог и психијатар)

Рок: 12 месеци

**2.7 Нејонизирачко зрачење**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Офталмолошки преглед: (преглед на оптичките медиуми со проширени зеници) , од специјалист офталмолог

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Офталмолошки преглед: (преглед на оптичките медиуми со проширени зеници), од специјалист офталмолог
- Психолошка обработка (психофизиолошки способности и карактеристики на личноста)

**Рок: 12 месеци**

**2.8. Јонизирачко зрачење**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Одредување на бројот на еритроцити, ретикулоцити, тромбоцити, леукоцитарна формула
- Офталмолошки преглед: (преглед на оптичките медиуми со проширени зеници)

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Одредување на бројот на еритроцити, ретикулоцити, тромбоцити, леукоцитарна формула
- Офталмолошки преглед: (преглед на оптичките медиуми со проширени зеници)
- Анализа на хромозомските аберации на 36 месеци
- Психолошка обработка (психофизиолошки способности и карактеристики на личноста
- Гинеколошки преглед - оценка на репродуктивната функција

Рок: 12 месеци

**3. Хемиски штетности**

3.1 МЕТАЛИ И НЕМЕТАЛИ

**3.1.1 Алуминиум**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Рентгенграфија на бели дробови (ПА)

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД

- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Биомониторинг: алуминиум во биолошки материјал
- Рентгенграфија на бели дробови (ПА) на секои 5 години

**Рок: 12 месеци**

**3.1.2 Антимон и неговите соединенија**

ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза,
- Рентгенграфија на бели дробови (ПА)

ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза,
- Рентгенграфија на бели дробови (ПА) - по 5 години од почетокот на експозицијата, на секои 36 месеци

**Рок: 12 месеци**

3.1.3 Арсен и неговите соединенија

**ПРЕТХОДЕН ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД**

- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза и статус насочен на горен респираторен систем, кожа и нокти.
- Испитување на сензибилитетот за болка, допир и температура на горните и долни екстремитети.
- билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза, уреа, креатинин во крв
- **Ртг на бели дробови и срце (ПА и профил)**

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**

- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза и статус насочен на горен респираторен систем, кожа и нокти.
- Испитување на сензибилитетот за болка, допир и температура на горните и долни екстремитети
- **Невропсихијатриски преглед (невролог и психијатар) - на 24 месеци**
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза, уреа, креатинин во крв, метхемоглобин во крв
- **Ртг на бели дробови и срце (ПА), по 5 год од почетокот на експозицијата- на секои 36 месеци .**
- Биомониторинг: на крајот на петдневната работна недела- концентрација на вкупен неоргански арсен во урина изразена на грам креатинин
- Факултативно: албумин, бета 2 микроглобулин и/или алфа 1 микроглобулин/на грам креатинин во урина

**Рок: 12 месеци**

3.1.4 Ванадиум, селен и нивните соединенија

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**

- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза и статус насочен кон респираторен систем и кожа
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза,
- **Ртг на бели дробови (ПА)**

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**

- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза и статус насочен кон респираторен систем и кожа
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза,
- **Ртг на бели дробови (ПА) по 5 години од почетокот на експозицијата на секои 36 месеци**
- Биомониторинг: на крај од петдневната работна недела - селен (или ванадиум ) во урина изразена на грам креатинин и селен (или ванадиум) во крв
- По индикација: невропсихијатриски преглед (невролог или психијатар)

**Рок: 12 месеци**

3.1.5 Платина и нејзините соединенија

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза и статус насочен кон горен и долен респираторен систем и кожа

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза и статус насочен кон горен и долен респираторен систем и кожа
- **Алерготестови (на секои 36 месеци): по индикација: епикутани тестови со специфични професионални алергени и /или скин- прицк со специфични инхалациони алергени;**
- **По индикација: специфични ИгЕ**

**Рок: 18 месеци**

3.1.6. Жива и нејзините соединенија (без органски соединенија со кратки ланци)

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Испитување на тремор: потпис, цртање на круг, квадрат и спирала
- Психолошки преглед: испитување на психофизиолошките способности, карактеристиките на личноста и скрининг на психооргански пореметувања
- Билирубин, трансаминази АЛТ,АСТ, уреа, креатинин во крв
- невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Испитување на тремор: потпис, цртање на круг, квадрат и спирала
- Психолошки преглед: испитување на психофизиолошките способности, карактеристиките на личноста и скрининг на психооргански пореметувања
- Невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, уреа, креатинин во крв
- Биомониторинг (на крајот на петдневната работна недела): концентрација на жива во урина изразена на грам креатинин и концентрација на жива во крв
- По индикација: одредување на концентрацијата на албумин, бета 2 микроглобулини (на грам креатинин) и/или алфа 1 микроглобулини (на грам креатинин) во урина.

**Рок: 12 месеци**

3.1.7. Органски соединенија на жива

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Испитување на тремор: потпис, цртање на круг, квадрат и спирала
- Испитување на функцијата на видот: форија, фузија, колорен вид
- Испитување на кожните рецептори: тактилни, вибро, за болка

- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- Психолошки преглед: испитување на психофизиолошките способности, карактеристиките на личноста и скрининг на психоогрански пореметувања
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза, уреа, креатинин во крв
- По индикација: невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Испитување на тремор: потпис, цртање на круг, квадрат и спирала
- Испитување на функцијата на видот: форија, фузија, колорен вид;
  - факултативно: периметрија
- Испитување на кожните рецептори: тактилни, вибро, за болка
- Тестирање на сетилото за рамнотежа (Ромберг -ов тест, посензитивна проба на Ромберг-ов тест, компасен од, тест на покажување, факултативно: испитување на нистагмус)
- Психолошки преглед: испитување на психофизиолошките способности, карактеристиките на личноста и скрининг на психоогрански пореметувања
- Невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза, уреа, креатинин во крв
- Биомониторинг: концентрација на жива во крв

**Рок: 12 месеци**

3.1.8 Кадмиум и неговите соединенија

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза, уреа, креатинин во крв
- **Ртг на бели дробови (ПА)**
- По индикација риноманометрија

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- билирубин, трансаминази АЛТ,АСТ, алкална фосфатаза, уреа, креатинин во крв
- Риноманометрија (на 36 месеци)
- **Ртг на бели дробови и срце (ПА) по 5 години експозиција, на секои 36 месеци.**
- Ртг на карлица и бутните коски по 5 год експозиција, на секои 60 месеци.
- Биомониторинг (на крај на петдневната работна недела): концентрација на кадмиум во урина изразена на грам креатинин и концентрација на кадмиум во крв
- По индикација одредување на концентрацијата на албумин, бета 2 микроглобулини (на грам креатинин и/или алфа 1 микроглобулини (на грам креатинин) во урина.

**Рок: 12 месеци**

3.1.9 Манган и неговите соединенија

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- **Целна анамнеза**
- Испитување на тремор: потпис, цртање на круг, квадрат и спирала
- Психолошки преглед: невробихејбиорални тестови
- **Невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)**

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- **Целна анамнеза**
- Испитување на тремор: потпис, цртање на круг, квадрат и спирала
- Психолошки преглед: невробихејбиорални тестови
- **Невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)**
- Биомониторинг: манган во биолошки материјал

**Рок: 12 месеци**

3.1.10 Никел

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза и статус фокусиран на кожа и респиратотен систем
- **Ртг на бели дробови (ПА)**
- Риноманометрија - по индикација

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза и статус фокусиран на кожа и респиратотен систем
- Риноманометрија (на секои 36 месеци )
- **Алерготестови (на секои 36 месеци): епикутани тестови со специфични професионални алергени и/или скин-прицк со специфични инхалациони алергени; факултативно: специфични ИгЕ**
- Ртг на бели дробови (ПА) по 5 години експозиција, на секои 36 месеци
- Биомониторинг (на крај на петдневна работна недела): концентрација на никел во урина изразена на грам креатинин и концентрација на никел во крв.

**Рок: 12 месеци**

3.1.11. Олово и неговите неоргански соединенија

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Билирубин, трансаминази АЛТ,АСТ, уреа, креатинин во крв
- Психолошки преглед: испитување на психофизиолошките способности, карактеристиките на личноста и скрининг на психоорганскi пореметувања
- **Невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)**

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Билирубин, трансаминази АЛТ,АСТ, уреа, креатинин во крв,
- Психолошки преглед: испитување на психофизиолошките способности, карактеристиките на личноста и скрининг на психоорганскi пореметувања
- **Невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)**
- **Биомониторинг: олово во крв, ДАЛК во урина, дДАЛК во крв, копропорфирини во урина, базофилно пунктирани еритроцити, ретикулоцити**

**Рок: 12 месеци**

3.1.12. Органски соединенија на олово

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза, уреа, креатинин во крв
- Психолошки преглед: испитување на психофизиолошките способности, крактеристиките на личноста и скрининг на психооргански пореметувања
- **Невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)**

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза
- Билирубин, трансаминази АЛТ, АСТ, алкална фосфатаза, уреа, креатинин во крв,
- Психолошки преглед: испитување на психофизиолошките способности, карактеристиките на личноста и скрининг на психооргански пореметувања
- **Невропсихијатриски преглед (преглед од невролог и психијатар)**
- **по индикација - ОРЛ преглед**
- **по индикација: анализа на хромозомските аберации**

**Рок: 12 месеци**

3.1.13 Хром и неговите соединенија

**ПРЕТХОДЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
- Целна анамнеза и статус фокусиран на кожа и респираторен систем
- Билирубин, трансаминази АЛТ,АСТ, уреа, креатинин во крв,
- **Ртг на бели дробови (ПА)**

**ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД**
- Стандарден минимум*
**1330.**

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 2 од Законот за ревизија („Службен весник иа Република Македонија“ бр. 158/2010 и 135/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.4.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА ЗА 2013 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2013 година, усвоена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата, на седницата, одржана на 28.1.2013 година, под бр. 02-23/2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.41-2573/1<br>20 април 2013 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Владимир Пешевски**, с.р. |

**1331.**

Врз основа на член 13 алинеја 2 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010 и 135/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.4.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2013 година, донесен од Советот за унапредување и надзор на ревизијата, на седницата, одржана на 28.1.2013 година, под број 02-24/3.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.41-2574/1<br>20 април 2013 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Владимир Пешевски**, с.р. |

---

**1332.**

Врз основа на член 44 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013 и 25/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.4.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

1. Во Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/2009, 69/2012 и 36/2013), во точка 1 алинеја 5 се менува и гласи:

- Павел Трендафилов претседател на Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-2352/1<br>16 април 2013 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**1333.**

Врз основа на член 16 ставови (5), (7) и (8) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011 и 74/2012) и член 41 став (2) од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.4.2013 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ЗА 2013 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ, СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОРТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2013 година за финансирање на националните спортски федерации, спортски клубови и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2013), во делот I. Програма 2, Потпрограма 20 спорт, категорија 46 субвенции и трансфери, Раздел 161.01 - Агенција за млади и спорт, ставка 463 - Трансфер до невладини организации, во редот бр. 2 износот „12.250.000,00", се заменува со износот „6.250.000,00".

Во редот „Вкупно" износот „30.500.000,00" се заменува со износот „24.500.000,00".

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-2625/1
20 април 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**1334.**

Врз основа на член 59 став 2 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 116/10 и 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОДДЕЛНА ЈАВНА УСЛУГА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МАТИЧНОТО КНИГОВОДСТВО, УТВРДУВАЊЕ НА ГЕНЕТСКИОТ КВАЛИТЕТ И ПРИНОСОТ ВО СТОЧАРСТВОТО**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските условите кои треба да ги исполни вршителот на задачите кои како јавни услуги се изведуваат во сточарството согласно член 62 алинеја 1 и 2 од Законот за сточарството.

Член 2

Поблиските просторни, технички и кадровски услови кои треба да ги исполни вршителот на јавната услуга спроведување на стручни задачи, мерки и активности од Заедничка основна програма за одгледување на добиток (во натамошниот текст: ЗОПОД) како и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД се следните:

1) Поседување на соодветен простор и тоа:

- простории каде може да се реализираат лабораториски анализи и испитувања за спроведување на матичното книговодство, мониторингот, утврдувањето на генетскиот квалитет и приносот во сточарството;

- простор кој овозможува брза, стручна и квалитетна обработка на податоците по меѓународно прифатени и споредливи методи и

- простор за работа каде е овозможено прибирање и чување на податоци и нивна обработка.

2) Соодветна техничка опременост и тоа:

- да поседува Лидтинов бастум, Вилхенсов шестар, Импрегнирана добиточна пантлика и лабораториска опрема за анализа на хемискиот состав на суровото млеко која овозможува професионално и квалитетно прибирање на податоците за матичното книговодство, мониторингот, утврдувањето на генетскиот квалитет и приносот во сточарството согласно меѓународно прифатени и споредливи методи и

- да поседува персонални компјутери и програмски пакети (хардвер и софтвер) кој овозможуваат брза, стручна и квалитетна обработка на податоците по меѓународно прифатени и споредливи методи.

3) Соодветна кадровска екипираност и тоа:

- да има вработено најмалку пет лица со научен степен доктор на науки од научна област биотехнички науки, подрачје добиточно производство и пчеларство и

- да има вработено најмалку пет лица дипломирани инжињери од научна област анимална биотехнологија - сточарство.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-9588/4
12 април 2013 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

---

**1335.**

Врз основа на член 30 став (25) од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/10, 53/11, 6/12 и 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ И БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пријавување во Регистарот и бришење од Регистарот на производители на вино, потребната документација како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот.

Член 2

Производителот на вино пријавувањето за упис во Регистарот на производители на вино (во натамошниот текст: Регистарот) го врши со барање на образец во А4 формат даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Со пријавата од член 2 на овој правилник производителот на вино кој е правно лице до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги поднесува и следните документи:

- Извод за тековна состојба на правно лице издадена од Централниот Регистар на Република Македонија кој не може да биде постар од 30 дена,

- доказ за сопственост или договор за користење/закуп на објектите и опремата или доказ за поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект до надлежната единица на локалната самоуправа,

- спецификација за расположлива опрема согласно Правилникот за поблиските услови во поглед на просториите и опремата за производство на вино,

- известување за започнување со вршење на дејност издадено од Министерство за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд,

- решение за регистрирање во Регистарот на објекти и оператори со храна со шифра на дејност „11.02 - Производство на вино од грозје", издадено од Агенцијата за храна и ветеринарство,

- изготвен извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер,

- изјава од одговорното лице во правното лице дека нема финансиски обврски за купено винско грозје во претходните години,

- изјава од одговорното лице во правното лице дека нема финансиски обврски за купено винско грозје во претходните години на сопственикот на објектите и опремата за производство на вино, ако производителот на вино користи објекти и опрема за производство на вино врз основа на договор за закуп, односно користење,

- изјава од одговорното лице во правното лице дека во претходната година производителот на вино не бил избришан од Регистарот поради неплаќање на финансиските обврски за купено винско грозје,

- образец М1 и М2 за стручното лице и доказ за завршено високо образование за истото,

- записник од Државниот инспекторат за земјоделство за исполнување на условите согласно Правилникот за поблиските услови во поглед на просториите и опремата за производство на вино, и

- доказ за платени административни такси.

(2) Документацијата од став (1) на овој член се доставува во оригинал или копија заверена на нотар.

Член 4

(1) Со пријавата од член 2 на овој правилник производителот на вино кој е физичко лице до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги поднесува и следните документи:

- доказ за сопственост или договор за користење/закуп на објектите и опремата или доказ за поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект до надлежната единица на локалната самоуправа,

- спецификација за расположлива опрема согласно Правилникот за поблиските услови во поглед на просториите и опремата за производство на вино,

- решение за регистрирање во Регистарот на објекти и оператори со храна со шифра на дејност „11.02 - Производство на вино од грозје", издадено од Агенцијата за храна и ветеринарство,

- изготвен извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер,

- договор за ангажирање на стручното лице со завршено високо образование од областа на винарството или лозарството доколку нема завршено високо образование од областа на винарството или лозарството,

- записник од Државниот инспекторат за земјоделство за исполнување на условите согласно Правилникот за поблиските услови во поглед на просториите и опремата за производство на вино и

- доказ за платени административни такси.

(2) Документацијата од став (1) на овој член се доставува во оригинал или копија заверена на нотар.

Член 5

Заради ажурирање на евиденцијата на Регистарот, производителите на вино ги пријавуваат промените на податоците од член 7 на овој правилник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од нивното настанување.

Член 6

(1) Регистарот се води во пишана и во електронска форма.

(2) Регистарот во пишана форма се води во папки по азбучен ред на општини каде што се наоѓа седиштето/адресата на производителите на вино.

(3) Регистарот во електронска форма се води во excel формат.

Член 7

Регистарот ги содржи следниве податоци:

- назив/име на производителот на вино,

- седиште/адреса на производителот на вино,

- адреса на главниот преработувачки капацитет, доколку е различна од адресата на седиштето,

- ЕМБС / ЕМБГ на производителот на вино,

- капацитет за прием и преработка на грозје (во тони годишно),

- капацитет за преработка и чување на вино (во литри годишно),

- капацитет на опрема за пакување на виното во шишиња (во број на шишиња на ден),

- површина под сопствени лозови насади (во хектари),

- вкупна површина под лозови насади од постојани кооперанти (во хектари),

- име и презиме на одговорното лице во правното лице, и

- вкупен број на вработени.

Член 8

Производителот на вино се брише од Регистарот на производители на вино доколку со записник од Државниот инспекторат за земјоделство се утврди дека:

- престанал да ги исполнува условите од членот 30 став (1) од Законот за виното, или

- не го доставил во пропишаниот рок извештајот од членот 30-а став (1) од Законот за виното, или

- го доставил извештајот од членот 30-а став (1) од Законот за виното со различна или невистинита содржина.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на пријавување во Регистарот на производители на вино како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/10, 113/11 и 4/12).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 29-13207/1 | Министер за земјоделство, |
| 15 април 2013 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски**, с.р. |

**Прилог**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

## БАРАЊЕ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО

Назив / Име на производителот на вино: ______________________________

Седиште/Адреса на производителот на вино: ______________________________

Адреса на главниот преработувачки
капацитет на производителот на вино:
(доколку е различна на адресата на
седиштето) ______________________________

ЕМБС / ЕМБГ на производителот на вино:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

Капацитет за прием и преработка на
грозје (во тони годишно) ______________________________

Капацитет за преработка и чување
на вино (во литри годишно) ______________________________

Површина под сопствени лозови
насади (во хектари) ______________________________

Вкупна површина под лозови насади
од постојани кооперанти (во хектари) ______________________________

Капацитет на опремата за пакување
на виното во шишиња
(во број на шишиња на ден) ______________________________

Име и презиме на одговорното
Лице во правното лице: ______________________________

Вкупен број на вработени лица: ______________________________

Преглед на поважна опрема за
производство на вино: ______________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Подносител:

______________________
(место)

______________________
(потпис)

______________________
(датум)

**1336.**

Врз основа на член 36 став (4) од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/10, 53/11, 6/12 и 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО КАКО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на увозници на вино, формата и содржината на образецот на барањето за запишување во Регистарот на увозници на вино, како и потребната документација за упис во Регистарот на увозници на вино.

Член 2

Увозникот на вино пријавувањето за упис во Регистарот на увозници на вино (во натамошниот текст: Регистарот) го врши со барање на образец во А4 формат даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Со барањето од член 2 на овој правилник увозникот на вино до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги поднесува и следните документи:

- Извод за тековна состојба на правно лице издадена од Централниот Регистар на Република Македонија кој не може да биде постар од 30 дена, со назнака „Општа клаузула за бизнис“ и/или шифра на дејност „46.34 - Трговија на големо со пијалоци“ и/или „47.25 - Трговија на мало со пијалоци во специјализирани продавници“.

- Известување за започнување на вршење на дејност издадено од Министерство за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд,

- Пријава за исполнетост на минимално технички услови и други услови пропишани со закон за вршење на трговија на големо и мало заверена од Државен пазарен инспекторат - Министерство за економија и од надлежниот орган на општината односно Градот Скопје,

- доказ за платени административни такси, и

- доколку правниот субјект е регистриран за дејност „47.25 - Трговија на мало со пијалоци во специјализирани продавници“ важечка Лиценца за продажба на алкохолни пијалоци издадена од Министерството за економија.

(2) Документацијата од став (1) на овој член се доставува во оригинал или копија заверена на нотар.

Член 4

Заради ажурирање на евиденцијата на Регистарот, увозниците на вино ги пријават промените на податоците од член 6 на овој правилник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од нивното настанување.

Член 5

(1) Регистарот се води во пишана и во електронска форма.

(2) Регистарот во пишана форма се води во папки по азбучен ред на општини каде што се наоѓа седиштето на увозниците на вино.

(3) Регистарот во електронска форма се води во excel формат.

Член 6

Регистарот ги содржи следниве податоци:

- назив на увозникот на вино,
- седиште на увозникот на вино,
- адреса на главниот капацитет за чување на вино на увозникот на вино,
- ЕМБС на увозникот на вино,
- капацитет за чување на вино во литри,
- име и презиме на одговорното лице во правното лице, и
- вкупен број на вработени лица.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 29-13208/1
15 април 2013 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

**Прилог**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**БАРАЊЕ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО**

Назив на увозникот на вино: ______________________________

Седиште на увозникот на вино: ______________________________

Адреса на главниот капацитет за чување на вино на увозникот на вино:
(доколку е различна на адресата на седиштето) ______________________________

ЕМБС на увозникот на вино: | | | | | | |

Капацитет за чување на вино (во литри) ______________________________

Име и презиме на одговорното лице во правното лице: ______________________________

Вкупен број на вработени лица: ______________________________

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

______________________ 
(место)

Подносител:
______________________ 
(потпис)

______________________ 
(датум)

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**1337.**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за здравство во согласност со министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ, НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ЦЕНОВНИКОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

Член 1

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на Република Македонија” бр. 171/10 и 60/12).

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-2825/1 | Бр.07-2960/3 |
| 23 април 2013 година | 23 април 2013 година |
| Скопје | Скопје |
| Министер за труд и социјална политика, | Министер за здравство, |
| **Спиро Ристовски**, с.р. | **Никола Тодоров**, с.р. |

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**1338.**

Врз основа на член 92 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/12 и 25/13), министерот за транспорт и врски, донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД**

Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на техничкиот преглед („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11) во членот 8 став (2) алинеја 1 се брише.

Член 2

Членот 10 се менува и гласи:

(1) Техничкиот преглед за градбите од втора категорија согласно член 57 од Законот за градење, го врши надзорен инженер за вршење на надзор над изградбата за градби со соодветно овластување за надзор над изградбата на градби.

(2) Надзорниот инженер врши преглед на документацијата која изведувачот на градбата е должен да ја има на градилиштето согласно член 86 од Законот за градење.

(3) Техничкиот преглед се врши на тој начин што надзорниот инженер визуелно и практично ја проверува исправноста и функционалноста на градбата во целина а согласно одобрението за градење, основниот проект и проектот за изведена состојба ако таков проект е одобрен од надлежен орган.

(4) Проверката од став (3) на овој член се врши со преглед на основните комунално-технички приклучоци на градбата кои се наоѓаат вон или во градбата, сообраќајаните решенија, како и преглед на внатрешните водови, инсталации и опрема која е пропишана со нормативи и стандарди како обврска во други прописи од соодветната област.

(5) Во текот на прегледот сите учесници во изградбата треба да даваат појаснувања кои ќе ги побара надзорниот инженер.

(6) Надзорниот инженер може да побара податоци и од надлежен градежен инспектор ако утврди дека за предметната градба е спроведен инспекциски надзор.

(7)Надзорниот инженер при вршење на техничкиот преглед треба да утврди:

- дали градбата е изградена согласно одобрението за градење, основниот проект и проектот на изведена состојба ако таков проект е одобрен;
- дали градбата е со фасада и може да се употребува;
- дали има одредени недостатоци кои ги нарушуваат основните барања на градбата кои се однесуваат на механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита поради кои градбата не може да се стави во употреба;
- дали градбата има недостатоци кои треба да бидат отстранети;
- дали градбата е приклучена на електроенергетска, водоводна, канализациона и патна инфраструктура;
- дали се отстранети градби за подготвителни работи ако такви градби биле поставени согласно член 72 од Законот за градење и
- дали инвеститорот ги регулирал имотно - правните односи за целата градежна парцела доколку предмет на технички преглед се линиски инфраструктурни објекти кои што се државни патишта, локални патишта и улици, за кои е издадено одобрение за градење согласно член 59 став (17) од Законот за градење а инвеститорот ги нема во целост регулирано имотно-правните работи.

(8) За извршениот технички преглед надзорниот инженер изработува извештај за извршен технички преглед во кој констатира дали градбата може да се стави во употреба. Ивештајот за извршен технички преглед се изработува во форма и содржина која е утврдена со Правилникот за формата и содржината на извештајот за извршен технички преглед од надзорен инженер за градбите од втора категорија.

(9) Извештајот за извршен технички преглед се доставува до надлежниот орган кој го издал одобрението за градење.

Член 3

По членот 10 се додава нов член 10-а кој гласи:

„Член 10-а

Доколку при вршењето на техничкиот преглед Комисијата за технички преглед односно надзорниот инженер што врши технички преглед, констатираат дека не постојат докази за потекло на градежно–техничкиот камен, градежниот песок и чакал, должни се за тоа да го известат надлежниот орган кој го издал одобрението за градење, како и Државниот инспекторат за техничка инспекција.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-3677/1 | Министер |
| 22 април 2013 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Миле Јанакиески**, с.р. |

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**1339.**

Врз основа на член 147-а став (2) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА СОДРЖИНАТА НА ПЛАНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ХАВАРИИ*

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на Планот за спречување на хаварии.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „Спречување на хаварии“ се мерки и постапки на ниво на инсталација/ции и поширока заедница кои имаат за цел избегнување на хаварија, намалување на веројатноста за хаварија и минимизирање на последиците од истата.

2. „Повредливи објекти и добра“ се сите луѓе, флора, фауна, медиуми и област на животната средина кои може да трпат последици од хаварија.

Член 3

Планот за спречување на хаварии содржи информации, насоки и упатства (во понатамошниот текст: податоци) кои се организирани на начин што овозможуваат преземање на акции преку системот за безбедно управување кои ги вклучува организационата структура на инсталациите, одговорности, практики, процедури, процеси и ресурси за одредување и спроведување на целите и принципите.

Член 4

Системот за безбедно управување од член 3 од овој правилник содржи податоци за:

1. Организација и персонал

а) Општи податоци за операторот на инсталацијата, раководителите на инсталацијата и лицата кои се задолжени за спроведување на политиката за спречување на хаварии;

б) Организациона структура со надлежности, одговорности и овластувања на лицата кои се вклучени во управувањето со хаварија; идентификација на потребата од обука на персоналот и опис на обуката;

в) Вклученоста на вработените и на други договорно ангажирани лица кои работат во инсталацијата, а имаат улога во поглед на безбедноста и

г) Податоци и информации за инсталацијата/циите и локацијата, вклучувајќи:

- Опис на локацијата со картографски приказ во адекватен размер;
- Опис на инстацијата со ситуационен план и
- Опис на технолошкиот процес со блок-шеми имајќи го предвид аспектот на хаварија.

2. Идентификација и евалуација на опасностите

а) Попис на опасните супстанции кој треба да содржи:

- Количините на опасните супстанции;
- Име на секоја сустанција и нејзин Chemical Abstracts Service (CAS) број и
- Физички и хемиски својства, токсиколошки и екотоксиколошки информации за секоја од попишаните опасни супстанции во нормални услови и опис на можните ефекти од истите при акутна или хронична изложеност на луѓето и животната средина согласно Законот за хемикалии.

б) Идентификација на сите критични точки во инсталацијата (каде се опасните супстанции кои се произведуваат, користат, складираат, или на било кој начин со нив се ракува, вклучувајќи ги и објектите, опремата, цевководите, машините, алатите, складовите и внатрешниот транспорт) во однос на можноста за хаварија.

в) Опис на можните хаварии во случај на нормални и вонредни услови на работа на инсталацијата:

- Врз основа на идентификуваните критични точки и претходни искуства;

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Директивата 96/82/ЕС од Европскиот Парламент од 9 декември 1996 година за контрола на опасностите од хаварии со присуство на опасни супстанции, CELEX бр.31996L0082 и Директивата 2003/105/ЕЗ од Европскиот Парламент и на Советот од 16 декември 2003 за изменување на Директивата на Советот за контрола на опасностите од хаварии со присуство на опасни супстанции, CELEX бр.32003L0105

- Хаварии кои се случиле или биле избегнати во минатото, како и опис на хавариите кои можат да се случат и

- Последици од хаварии кои се случиле или биле избегнати во минатото.

г) Идентификација на повредливите објекти и добра на оддалеченост од 1000 метра од границата на локацијата:

- Број на работници за кои се проценило дека би биле загрозени во случај на хаварија во инсталацијата;

- Проценка на бројот на луѓе надвор од инсталацијата кои можат да бидат изложени на влијанието на хаваријата;

- Идентификација на пред-училишни и училишни установи, здравствени установи, станбени објекти, трговски и спортски центри и други објекти кои евентуално може да бидат изложени на влијанијата од хаваријата и

- Идентификација на други објекти и добра кои може да бидат изложени на ефектите на хаваријата, како рушење, палење или загадување (сообраќајници, природно и културно наследство).

д) Проценка на можното ниво на хаваријата:

- I ниво на хаварија кога последици од хаваријата не се очекуваат надвор од инсталацијата;

- II ниво на хаварија кога последиците на хаваријата не се очекуваат надвор од инсталацијата;

- III ниво на хаварија кога последиците на хаваријата може да се прошират надвор од границите на инсталацијата;

- IV ниво на хаварија кога последиците на хаваријата може да се прошират на територијата на регионот и

- V ниво на хаварија кога последиците на хаваријата може да се прошират надвор од границите на Република Македонија.

3.Оперативна контрола

- Упатства за работа и одржување;

- Упатства за редовно и вонредно прекинување на активностите;

- Упатства за пуштање во работа на инсталацијата или дел од инсталацијата и

- Документи за интерна редовна проверка и преглед на инсталацијата, а по потреба и периодочни проверки, вклучувајќи и табеларен приказ (атести, извештај за прегледите, сертификати, записници и др.).

4. Управување со промена

- Усвојување и имплементација на процедури за планирање на промени на одредена инсталација, процес или склад, или изградба на нова инсталација, процес или склад.

5. Планирање на вонредни состојби

- Усвојување и имплементација на процедури за предвидување на опасности со анализа;

- Тестирање и ревидирање на Плановите за итни случаи во однос на предвидените опасности и

- Обука на вработените кои се одговорни за спроведување на плановите за вонредни состојби која треба да ги опфати сите вработени во инсталацијата, вклучувајќи ги оние кои се договорно ангажирани.

6. Следење на извршувањето на работата

- Усвојување и имплементација на процедури за редовна оценка на усогласеност на целите на Планот за спречување на хаварии и системот за безбедно управување со редовната работа на инсталацијата;

- Усвојување и имплементација на механизам за корекција на откриените неусогласености и

- Процедурите за редовна оценка треба да го опфатат системот на операторот за информирање во случај на хаварија или за избегнати хаварии, посебно за оние каде причина е неспроведување на мерките за спречување на хаварии, нивно истражување и преземање активности врз основа на стекнатите искуства.

7. Ревизија и преглед

- Усвојување и имплементација на постапки за периодична систематска проценка на Планот за спречување на хаварии и ефикасноста и соодветноста на системот за безбедно управување и

- Усвојување и имплементација на документиран преглед на резултатите на Планот на спречување на хаварии и системот за безбедно управување кој треба да биде соодветно ажуриран.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2014 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-1153/4 | Министер за животна средина |
| 12 април 2013 година | и просторно планирање, |
| Скопје | **Абилаќим Адеми**, с.р. |

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1340.**

Врз основа на член 43 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2002, 37/2002, 36/2007, 67/2010 и 35/2011), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 17.4.2013 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува за успешна понудата за откуп на акции издадени од Фабрика Карпош АД Скопје дадена од Градежен Институт Македонија АД Скопје, со седиште во Скопје на ул. „Дрезденска" бр. 52.

2. Се задолжува понудувачот од точка 1, ова решение да го објави на начин како што е објавена понудата за откуп.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Жалбата изјавена против ова решение не го одложува неговото извршување.

5. Решението ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| УП 1 Број 07-9 | Комисија за хартии од вредност |
| 17 април 2013 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р. |

---

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**1341.**

Врз основа на член 136 став 7 и 8, член 138 став 6, член 139 став 2 и член 144 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12 и 155/12), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЕРСОНАЛОТ НА КОНТРОЛАТА НА ЛЕТАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контролата на летање („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/10), во членот 10 став (1) точка 1), зборовите: ", но не повеќе од 25 години" се бришат.

Член 2

Во членот 14 во ставовите (3) и (4) зборовите: „шест месеци" се заменуваат со зборовите: „18 месеци".

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.10-533/3 | Директор |
| 10 април 2013 година | на Агенција за цивилно |
| Скопје | воздухопловство, |
| | д-р **Дејан Мојсоски**, с.р. |

---

**1342.**

Врз основа на член 136 став (7) и (8) и член 144 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12 и 155/12), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА ДРУГ СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот на вршење на обуката за стекнување на стручна оспособеност, како и посебните услови во однос на потребниот кадар за обука, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење на организациите или центрите за обука, формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверенијата за вршење на обука на организациите или центрите за обука, како и критериумите, начин и постапка за признавање на завршена обука и програмите за обука во странство на другиот стручен персонал во воздухопловството.

Член 2

Одделните изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) **Друг стручен персонал во воздухопловството** (во натамошниот текст: друг стручен персонал) се професионални пожарникари, персоналот за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта, лица за опслужување на воздухоплови со гориво и мазиво, медицински лица, лица за обезбедување од дејствија на незаконско постапување и лица кои ја одржуваат аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење за безбедноста на воздушниот сообраќај и

2) **Потврда за завршена обука** е документ со кој се докажува дека лицето успешно ја завршило обуката и дека е оспособено за вршење на работите од надлежност на соодветниот друг стручен персонал.

### II. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОБУКА НА ДРУГ СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ

Член 3

(1) Стручната оспособеност на друг стручен персонал се стекнува во овластени организации или центри за обука кои треба да ги исполнуваат посебните услови пропишани со овој правилник.

Член 4

(1) За да вршат обука на друг стручен персонал, организациите или центрите за обука треба да имаат уверение, издадено од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенцијата).

(2) За добивање на уверението од став (1) на овој член организациите или центрите за обука треба да имаат:

- одобрена програма за обука на соодветниот друг стручен персонал со методологија на спроведување на проверката на знаењето и начин на оценување на стекнатото знаење;

- тестови за спроведување на проверката на знаењето одобрени од страна на Агенцијата;

- стручен кадар кој ќе ја спроведува обуката согласно одобрената програма за обука кој има соодветно стручно образование (средно или високо), потврда за завршена обука за друг стручен персонал за кој ќе ја спроведува обуката и најмалку пет години работно искуство во вршење на работни задачи за кои ја спроведува обуката;

- детали за управувачката структура со поединечни одговорности, квалификации, искуство и слично;

- соодветни простории, опрема и средства кои овозможуваат успешно спроведување на теоретскиот, односно практичниот дел од обуката, зависно од видот на обуката за која се користат, а во согласност со одобрената програма за обука, меѓународните стандарди и препорачани практики на ICAO, како и во согласност со соодветните правила содржани во IATA Airport Handling Manual, IATA DGR manual, AEA training recommendations for De-Icing/Anti-Icing of Aircrafts on the groung, IATA fuel quality pool и други прирачници на IATA, ACI, и на други воздухопловни организации и

- евиденција на извршените обуки на кандидатите за обука и досиеја за инструкторите и

- соодветна и ажурирана стручна литература согласно одобрената програма за обука и меѓународните стандарди и препорачани практики на ICAO, и соодветните правила содржани во IATA Airport Handling Manual, IATA DGR manual, AEA training recommendations for De-Icing/Anti-Icing of Aircrafts on the groung, IATA fuel quality pool и други прирачници на IATA, ACI, и на други воздухопловни организации.

(3) По исклучок од став (2) алинеја 3 на овој член стручниот кадар кој ќе ја спроведува обуката согласно одобрената програма за обука на лица за обезбедување од дејствија на незаконско постапување треба да ги исполнува условите пропишани со Националната програма за обука за обезбедување од дејствија на незаконско постапување.

Член 5

(1) За издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука на друг стручен персонал, организациите или центрите за обука поднесуваат барање до Агенцијата, со кое се приложуваат докази дека се исполнети условите за добивање на уверение наведени во член 4 на овој правилник.

(2) Барањето за продолжување на уверението се поднесува најмалку 30 дена пред истекот на важноста на уверението, а за обновување најдоцна 30 дена по истекот на важноста на уверението.

(3) Доколку организацијата или центарот за обука не поднесе барање за продолжување или обновување во роковите утврдени во став (2) на овој член, уверението се смета за повлечено.

Член 6

(1) Агенцијата по приемот на барањето, формира тим за спроведување на постапката за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука на друг стручен персонал (Certification team) (во понатамошниот текст: тим за сертификација) кој врши проверка дали е уплатена административна такса и надоместокот за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење обука пропишан со Тарифникот на Агенцијата, проверка на приложената документација (Document Evaluation), како и оперативна проверка (Initial inspection) со цел да се утврди дали организацијата или центарот за обука ги исполнува условите и техничките можности за вршење на обука на друг стручен персонал.

(2) При извршување на проверките од став (1) на овој член, тимот за сертификација користи листи за проверка претходно изготвени согласно документацијата и податоците кои се проверуваат.

(3) Доколку од проверките од став (1) на овој член, тимот за сертификација утврди дека одредена организација или центар за обука ги исполнува условите за вршење обука на друг стручен персонал, во рок од 45 дена од денот на поднесување на барањето Агенцијата донесува решение за издавање, продолжување, обновување или промена кое заедно со уверението за вршење на обука му се доставуваат на барателот.

(4) Доколку тимот за сертификација утврди дека одредена организација или центар за обука не ги исполнува условите за вршење на обука на друг стручен персонал, Агенцијата донесува решение за одбивање на барањето за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука кое ги содржи причините за одбивање.

Член 7

(1) На организации или центри за обука, уверението за вршење на обука на друг стручен персонал, им се издава на образец даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Уверението од став (1) на овој член може да се издаде за вршење на обука на еден или повеќе видови на друг стручен персонал.

(3) Уверението од став (1) на овој член се издава со рок на важење од три години.

(4) За издадените уверенија за вршење на обука на друг стручен персонал, Агенцијата води евиденција.

(5) Евиденцијата од став (3) на овој член содржи податоци за работа на организацијата или центарот кој врши обука на друг стручен персонал, како и контакт телефони и адреси на одговорните лица.

Член 8

(1) Организациите или центрите за обука на друг стручен персонал водат посебно досие за секој кандидат кој посетувал обука во кое се наведуваат личните податоци на кандидатот и податоци за траење на обуката, податоци за стручниот кадар кој ја вршел обуката, за положените испити, степенот на оспособување и видот на работите за кои кандидатот се обучувал.

(2) Организациите или центрите за обука на друг стручен персонал водат евиденција за извршените обуки и за издадените потврди за завршена обука.

III. СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА ДРУГИОТ СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ

**1. Персонал за обезбедување од дејствија на незаконско постапување**

**1.1 Услови за прием на кандидати за стручно оспособување**

Член 9

За да биде примен на обука за стручно оспособување на персонал за обезбедување од дејствија на незаконско постапување кандидатот треба да ги исполнува следните услови:

1. има најмалку 18 години возраст;

2. има завршено најмалку средно образование;

3. има лиценца за обезбедување на лица и имот или доказ за завршена обука за обезбедување во Полициска Академија или во безбедносните служби на Армијата на Република Македонија;

4. има лекарско уверение за здравствена способност - класа 4 и

5. има потврда за познавање на англиски јазик најмалку на ниво А2 согласно Заедничката европска референтна рамка за јазици (Common European Framework of Reference for Languages), дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник и

6. да има позитивна безбедносна проверка за лице (background check) согласно Националната програма за воздухопловна безбедност.

**1.2 Начин на вршење на обука**

Член 10

Обуката за стручно оспособување за персоналот за обезбедување од дејствија на незаконско постапување се врши на начин и во постапка утврдени со Националната програма за обука за обезбедување од дејствија на незаконско постапување.

Член 11

(1) Обуката за стручно оспособување за персоналот за обезбедување од дејствија на незаконско постапување се завршува со проверка на знаење во организација или центар за обука на начин и во постапка утврдени со Националната програма за обука за обезбедување од дејствија на незаконско постапување.

(2) Проверката на знаењето од став (1) на овој член ја спроведува комисија на организацијата или центарот за обука составена од три члена од кои еден е претседател на комисијата.

(3) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата за сесиите во кои се вршат проверките на знаењето од став (1) на овој член најмалку пет дена пред нивното одржување.

(4) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата месечно за спроведените проверки на знаењето од став (1) на овој член.

Член 12

(1) Организациите или центрите за обука му издаваат на кандидатот кој успешно ја завршил проверката на знаењето, потврда за обуката која е успешно завршена.

(2) Потврдата од став (1) на овој член содржи: име на организацијата или центарот за обука, лични податоци за кандидатот, податоци за обуката која што ја завршил кандидатот, датум на почеток и завршување на обуката, оценки по предметите и општиот успех на кандидатот, рок на важност и потпис на овластен претставник на организацијата или центарот за обука со кој се потврдува дека кандидатот успешно ја завршил обуката пропишана со овој правилник и дека е компетентен да ги извршува на прифатливо ниво задачите поврзани со обезбедување од дејствија на незаконско постапување.

**2. Професионални пожарникари во воздухопловството**

**2.1 Услови за прием на кандидати за стручно оспособување**

Член 13

За да биде примен на обука за стручно оспособување на професионални пожарникари во воздухопловството кандидатот треба:

1. да има најмалку 18 години возраст;

2. да има завршено најмалку средно образование;

3. да има доказ дека е професионален пожарникар согласно Законот за пожарникарство;

4. да има лекарско уверение за здравствена способност - класа 4;

5. да има потврда за познавање на англиски јазик најмалку на ниво А2 согласно Заедничката европска референтна рамка за јазици (Common European Framework of Reference for Languages), дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник и

6. да има позитивна безбедносна проверка за лице (background check) согласно Националната програма за воздухопловна безбедност.

**2.2 Начин на вршење на обука**

Член 14

(1) Обуката за стручно оспособување на професионални пожарникари во воздухопловството се состои од две фази - почетна и повторна обука и се врши на начин и во постапка утврдена со Airport Services Manual – Doc. 9137 – AN/898, Part 1, Chapter 14 и Annex 14 на ICAO.

(2) Повторната обука од став (1) на овој член се спроведува во овластена организација или центар за обука на секои две години како и во случај кога имателот на потврдата од член 17 став (1) на овој правилник има прекин подолг од 12 месеци во вршење на работни задачи на професионален пожарникар во воздухопловството.

Член 15

(1) Почетната обука од член 14 на овој правилник се завршува со проверка на знаењето, на која кандидатот треба да покаже успех од најмалку 80% за секој предмет поединечно и 80% од практичниот дел од предметите за кои е предвиден таков дел.

(2) Проверката од став (1) на овој член опфаќа теоретски дел кој се одвива преку тест и практичен дел кој опфаќа проверка на оспособеноста за извршување на работни задачи на професионален пожарникар во воздухопловството.

(3) Повторната обука од член 14 на овој правилник завршува со проверка на знаењето на која кандидатот треба да покаже успех од најмалку 80% по секој предмет посебно.

Член 16

(1) Проверката на знаењето од член 15 на овој правилник ја спроведува комисија на организацијата или центарот за обука составена од три члена од кои еден е претседател.

(2) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата за сесиите во кои се вршат проверките на знаењето од став (1) на овој член најмалку пет дена пред нивното одржување.

(3) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата месечно за спроведените проверки на знаењето од став (1) на овој член.

Член 17

(1) Организациите или центрите за обука му издаваат на кандидатот кој успешно ја завршил проверката на знаењето, потврда за обуката која е успешно завршена.

(2) Потврдата од став (1) на овој член содржи: име на организацијата или центарот за обука, лични податоци за кандидатот, податоци за обуката која што ја завршил кандидатот, датум на почеток и завршување на обуката, оценки по предметите и општиот успех на кандидатот, рок на важност и потпис на овластен претставник на организацијата или центарот за обука со кој се потврдува дека кандидатот успешно ја завршил обуката пропишана со овој правилник и дека е компетентен да ги извршува на прифатливо ниво задачите поврзани со противпожарна заштита на аеродром.

Член 18

Врз основа на издадената потврда за завршена обука за професионални пожарникари во воздухопловството лицето имател на потврдата може да извршува работни задачи на противпожарна заштита на аеродром.

**3. Лица за опслужување на воздухоплови со гориво и мазиво**

**3.1 Услови за прием на кандидати за стручно оспособување**

Член 19

За да биде примен на обука за стручно оспособување за опслужување на воздухоплови со гориво и мазиво, кандидатот треба:

1. да има најмалку 20 години возраст;
2. да има положено возачки испит (Е-категорија);
3. да има завршено најмалку средно образование – техничка насока;
4. да има лекарско уверение за здравствена способност - класа 4;
5. да има потврда за познавање на англиски јазик најмалку на ниво А2 согласно Заедничката европска референтна рамка за јазици (Common European Framework of Reference for Languages), дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник и
6. да има позитивна безбедносна проверка за лице (background check) согласно Националната програма за воздухопловна безбедност.

**3.2 Начин на вршење на обука**

Член 20

(1) Обуката за стручно оспособување на лица за опслужување на воздухоплови со гориво и мазиво се состои од две фази - почетна и повторна обука и се врши на начин и во постапка утврдена со IATA fuel quality pool.

(2) Повторната обука од став (1) на овој член се спроведува во овластена организација или центар за обука на секои две години како и во случај кога имателот на потврдата од член 23 став (1) на овој правилник има прекин подолг од 12 месеци во вршење на работни задачи поврзани со опслужување на воздухоплови со гориво и мазиво.

Член 21

(1) Почетната обука од член 20 на овој правилник се завршува со проверка на знаењето на која кандидатот треба да покаже успех од минимум 80% за секој предмет поединечно и 80% од практичниот дел од предметите за кои е предвиден таков дел.

(2) Континуираната обука завршува со проверка на знаењето на која кандидатот треба да покаже успех од најмалку 80% по секој предмет поединечно и 100% на практичниот дел од предметите за кои е предвиден таков дел.

Член 22

(1) Проверката на знаењето од член 21 на овој правилник ја спроведува комисија на организацијата или центарот за обука составена од три члена од кои еден е претседател.

(2) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата за сесиите во кои се вршат проверките на знаењето од став (1) на овој член најмалку пет дена пред нивното одржување.

(3) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата месечно за спроведените проверки на знаењето од став (1) на овој член.

Член 23

(1) Организациите или центрите за обука му издаваат на кандидатот кој успешно ја завршил проверката на знаењето, потврда за обуката која е успешно завршена.

(2) Потврдата од став (1) на овој член содржи: име на организацијата или центарот за обука, лични податоци за кандидатот, податоци за обуката која што ја завршил кандидатот, датум на почеток и завршување на обуката, оценки по предметите и општиот успех на кандидатот, рок на важност и потпис на овластен претставник на организацијата или центарот за обука со кој се потврдува дека кандидатот успешно ја завршил обуката пропишана со овој правилник и дека е компетентен да ги извршува на прифатливо ниво задачите поврзани со опслужување на воздухоплов со гориво и мазиво.

**4. Лица кои ја одржуваат аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење за безбедноста на воздушниот сообраќај**

**4.1 Услови за прием на кандидати за стручно оспособување**

Член 24

За да биде примен на обука за стручно оспособување за одржување аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење за безбедноста на воздушниот сообраќај кандидатот треба:

1. да има најмалку 18 години возраст;

2. да има завршено најмалку средно техничко образование од областа на работите за кои кандидатот ќе се обучува;

3. да има лекарско уверение за здравствена способност - класа 4;

4. да има потврда за познавање на англиски јазик најмалку на ниво А2 согласно Заедничката европска референтна рамка за јазици (Common European Framework of Reference for Languages), дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник;

5. да има позитивна безбедносна проверка за лице (background check) согласно Националната програма за воздухопловна безбедност и

6. да има потврда од производителот на опремата или инсталациите за завршена практична обука и оспособеност за одржување и ракување со истите во случај кога кандидатот се обучува за извршување на работи кои опфаќаат одржување на опрема или инсталации на аеродром.

**4.2 Начин на вршење на обука**

Член 25

(1) Обуката за стручно оспособување на лица за одржување на аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење за безбедноста на воздушниот сообраќај се состои од две фази – почетна и повторна обука и се врши на начин и во постапка утврдени во програмата за одржување на аеродроми, одобрена од Агенцијата.

(2) Програмата од став (1) на овој член организацијата или центарот за обука ја изготвува согласно меѓународни стандарди и документи содржани во Annex 14 на ICAO, Волумен 1, делови 3, 5, 7, 8, 9 и 10, како и Прирачникот за аеродромот.

(3) Повторната обука од став (1) на овој член се спроведува во овластена организација или центар за обука на секои две години како и во случај кога имателот на потврдата од член 28 став (1) на овој правилник има прекин подолг од 12 месеци во вршење на работни задачи поврзани со одржување на аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење за безбедноста на воздушниот сообраќај.

Член 26

(1) Почетната обука од член 25 на овој правилник се завршува со проверка на знаењето на која кандидатот треба да покаже успех од минимум 80% за секој предмет поединечно.

(2) Проверката од став (11) на овој член опфаќа теоретски дел кој се одвива преку тест и практичен дел кој опфаќа проверка на оспособеноста за извршување на работни задачи поврзани со одржување на уредите, објектите и инсталациите во рамките на аеродромот.

(3) Обемот и содржината на проверката од став (2) на овој член се определува во зависност од природата на работите за кои кандидатот се обучувал.

(4) Повторната обука од член 25 на овој правилник се завршува со проверка на знаењето на која кандидатот треба да покаже успех од најмалку 80 % по секој предмет посебно.

Член 27

(1) Проверката на знаењето од член 26 на овој правилник ја спроведува комисија на организацијата или центарот за обука составена од три члена од кои еден е претседател.

(2) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата за сесиите во кои се вршат проверките на знаењето од став (1) на овој член најмалку пет дена пред нивното одржување.

(3) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата месечно за спроведените проверки на знаењето од став (1) на овој член.

Член 28

(1) Организациите или центрите за обука му издаваат на кандидатот кој успешно ја завршил проверката на знаењето, потврда за обуката која е успешно завршена.

(2) Потврдата од став (1) на овој член содржи: име на организацијата или центарот за обука, лични податоци за кандидатот, податоци за обуката која што ја завршил кандидатот, датум на почеток и завршување на обуката, оценки по предметите и општиот успех на кандидатот, рок на важност и потпис на овластен претставник на организацијата или центарот за обука со кој се потврдува дека кандидатот успешно ја завршил обу-

ката пропишана со овој правилник и дека е компетентен да ги извршува на прифатливо ниво задачите поврзани со одржување аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење за безбедноста на воздушниот сообраќај.

**5. Персонал за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж и стока**

**5.1 Услови за прием на кандидати за стручно оспособување**

Член 29

За да биде примен на обука за стручно оспособување за персонал за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж и стока, кандидатот треба:

1. да има најмалку 18 години возраст;
2. да има завршено најмалку средно образование;
3. да има лекарско уверение за здравствена способност - класа 4;
4. да има потврда за познавање на англиски јазик најмалку на ниво А2 согласно Заедничката европска референтна рамка за јазици (Common European Framework of Reference for Languages), дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник и воздухопловна терминологија на англиски јазик, а за контролори на опслужување на воздухоплов, балансери на воздухоплов и референти за прифат и отпрема на патници и багаж, англиски јазик за ниво Б1 согласно Заедничката европска референтна рамка за јазици (Common European Framework of Reference for Languages), дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник и воздухопловна терминологија на англиски јазик и
5. да има позитивна безбедносна проверка за лице (background check) согласно Националната програма за воздухопловна безбедност.

**5.2 Начин на вршење на обука**

Член 30

(1) Обуката за стручно оспособување на персонал за прифат и отпрема се состои од две фази – почетна и повторна обука и се спроведува на начин и во постапка утврдени согласно IATA Airport Handling Manual, IATA DGR manual и AEA training recommendations for De-Icing/Anti-Icing of Aircrafts on the groung.

(2) Континуираната обука од став (1) на овој член се спроведува во овластена организација или центар за обука на секои две години како и во случај кога имателот на потврдата од член 33 став (1) на овој правилник има прекин подолг од 12 месеци во вршење на работни задачи на прфаќање и испраќање на воздухоплов, патници, багаж и стока.

Член 31

(1) Почетната обука од член 30 на овој правилник се завршува со проверка на знаењето на која кандидатот треба да покаже успех од минимум 80% за секој предмет поединечно и 100% од практичниот дел од предметите за кои е предвиден таков дел.

(2) Повторната обука од член 30 на овој правилник завршува со проверка на знаењето на која кандидатот треба да покаже успех од најмалку 80% по секој предмет посебно.

Член 32

(1) Проверката на знаењето од член 31 на овој правилник ја спроведува комисија на организацијата или центарот за обука составена од три члена од кои еден е претседател.

(2) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата за сесиите во кои се вршат проверките на знаењето од став (1) на овој член најмалку пет дена пред нивното одржување.

(3) Организацијата или центарот за обука на друг стручен персонал ја известува Агенцијата месечно за спроведените проверки на знаењето од став (1) на овој член.

Член 33

(1) Организациите или центрите за обука му издаваат на кандидатот кој успешно ја завршил проверката на знаењето, потврда за обуката која е успешно завршена.

(2) Потврдата од став (1) на овој член содржи: име на организацијата или центарот за обука, лични податоци за кандидатот, податоци за обуката која што ја завршил кандидатот, датум на почеток и завршување на обуката, оценки по предметите и општиот успех на кандидатот, рок на важност и потпис на овластен претставник на организацијата или центарот за обука со кој се потврдува дека кандидатот успешно ја завршил обуката пропишана со овој правилник и дека е компетентен да ги извршува на прифатливо ниво задачите поврзани со прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж и стока.

V. КРИТЕРИУМИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА И ЗАВРШЕНА ОБУКА ВО СТРАНСТВО ЗА ДРУГИОТ СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ

Член 34

(1) Завршена обука и програми за обука во странство на лица за обезбедување од дејствија на незаконско постапување се признаваат доколку се изготвени или спроведени согласно програма која како минимум ги задоволува барањата пропишани во Националната програма за обука за обезбедување од дејствија на незаконско постапување и доколку е спроведена обука за диференцијалните предметите.

(2) Завршена обука и програми за обука во странство на професионални пожарникари се признаваат доколку се изготвени или спроведени согласно Airport Services Manual – Doc. 9137 – AN/898 Part 1 и Annex 14 на ICAO и доколку е спроведена обука за диференцијалните предмети.

(3) Завршена обука и програми за обука во странство на лица кои ја одржуваат аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење за безбедноста на воздушниот сообраќај и лица за опслужување на воздухоплови со гориво и мазиво се признаваат доколку се изготвени или спроведени согласно одредбите на овој правилник и доколку е спроведена обука за диференцијалните предмети.

(4) Завршена обука и програми за обука во странство на персонал за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж и стока се признаваат доколку се изготвени или спроведени согласно одредбите на овој правилник, меѓународните стандарди и препорачани практики на ICAO, како и во согласност со правилата на IATA Airport Handling Manual, IATA DGR manual, AEA training recommendations for De-Icing/Anti-Icing of Aircrafts on the groung и други прирачници на IATA, ACI, и други воздухопловни органи зациии доколку е спроведена обука за диференцијалните предмети.

Член 35

(1) Лицето кандидат за признавање на завршена обука и програма за обука во странство поднесува барање до Агенцијата.

(2) Со барањето од став (1) на овој член се доставуваат следните документи:

- доказ дека центарот или организацијата за обука е овластена од националната воздухопловна власт за спроведување на обука за соодветниот друг стручен персонал;
- програма за обука според која е обучуван кандидатот;
- доказ дека е завршена обуката и
- доказ за уплатен надоместок за признавање утврден во Тарифникот на Агенцијата.

(3) Агенцијата врши увид во доставената документација за исполнетост на критериумите за признавање на завршената обука во странство.

(4) Доколку се утврди дека се исполнети критериумите за признавање, Агенцијата со решение ја признава завршената обука, односно програмата за обука.

(5) Доколку се утврди дека не се исполнети критериумите за признавање, Агенцијата со решение го одбива барањето за признавање.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

(1) Лицата кои до денот на отпочнување на примената на овој правилник се стекнале со дозвола за работи на противпожарната заштита на аеродроми и воздухоплови согласно Правилникот за стручна подготовка, испити и дозволи за работа на стручниот персонал кој врши работи од значење на безбедноста на воздушната пловидба („Службен весник на СФРЈ" бр. 64/80, 69/80 и 63/81) во рок од 24 месеци од денот на отпочнување на примената на овој правилник треба да ја завршат повторната обука од член 14 на овој правилник.

(2) Лицата кои до денот на отпочнување на примената на овој правилник вршеле работи на снабдување на воздухоплови со гориво и мазиво согласно Правилникот за стручна подготовка, испити и дозволи за работа на стручниот персонал кој врши работи од значење на безбедноста на воздушната пловидба („Службен весник на СФРЈ" бр. 64/80, 69/80 и 63/81) во рок од 24 месеци од денот на отпочнување на примената на овој правилник треба да ја завршат повторната обука од член 20 на овој правилник.

(3) Лицата кои до денот на отпочнување на примената на овој правилник вршеле работи на одржување на аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење за безбедноста на воздушниот сообраќај во рок од 24 месеци од денот на отпочнување на примената на овој правилник треба да ја завршат обуката од член 25 на овој правилник.

(4) Лицата кои до денот на отпочнување на примената на овој правилник се стекнале со дозвола за персонал за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж и стока согласно Правилникот за стручно оспособување, проверки и стекнување на дозволи и овластувања на персоналот за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта ("Службен весник на Република Македонија" бр. 92/10) во рок од 24 месеци од денот на отпочнување на примената на овој правилник треба да ја завршат континуираната обука од член 30 на овој правилник.

Член 37

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за стручно оспособување, проверки и уверенија за стручна оспособеност на персоналот кој врши обезбедување од дејствија на незаконско постапување („Службен весник на Република Македонија" бр. 151/07) и Правилникот за стручно оспособување, проверки и стекнување на дозволи и овластувања на персоналот за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/10).

Член 38

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 мај 2013 година.

Бр. 10-622/3
11 април 2013 година
Скопје

Директор
на Агенција за цивилно
воздухопловство,
д-р **Дејан Мојсоски**, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
***REPUBLIC OF MACEDONIA***
***CIVIL AVIATION AGENCY***

---

**УВЕРЕНИЕ**
***APPROVAL CERTIFICATE***

---

Ова уверение му се издава на/ *This certificate is issued to*:

Адреса/*Address:*

**Број/ *Number:***

Агенцијата за цивилно воздухопловство потврдува дека горенаведеното правно лице ги исполнува условите пропишани со Правилникот за стручно оспособување на друг стручен персонал и истата се овластува за организација/центар за вршење обука на ____________________________________.
*The Civil Aviation Agency confirms that the above named organization complies with the requirements prescribed in Regulation on qualification of other qualified personnel and is empowered to operate as an Organization/Center for training of the ____________________________________.*

Ова уверение, освен ако не биде суспендирано или повлечено, ќе остане во сила до:
*This certificate, unless suspended or revoked, shall continue in effect until:*

Датум на издавање/*Date of issue:* Потпис/ *Signature:*

Важи од/ *Effective date:* Директор/*Director General*

**ПРИЛОГ 2**

## ЗАЕДНИЧКАТА ЕВРОПСКА РЕФЕРЕНТНА РАМКА ЗА ЈАЗИЦИ

| | ОПФАТ | ТОЧНОСТ | ТЕЧНОСТ | ИНТЕРАКЦИЈА | КОХЕРЕНТНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| C2 | Покажува голема флексибилност при преформулирање на идеите во разни лингвистички облици со цел прецизно да пренесе помали нијанси на значење, да нагласи, да направи разлика и да ја отстрани двосмисленоста. Исто така, добро ги владее идиоматските изрази и колоквијализми. | Одржува конзистентна граматичка контрола на сложен јазик, дури и кога вниманието е насочено на нешто друго (на пр. планирање на иднината, следење на реакциите на другите). | Може долготрајно да се изразува спонатно со природен разговорен тек, лесно избегнувајќи одредена потешкотија или навраќајќи се на истата така што соговорникот едвај е свесен за тоа. | Може лесно и вешто да влезе во интеракција, наизглед без напор да совлада и употреби невербални и интонациски сигнали. Може меѓусебно да го поврзува својот придонес во заедничката дискусија со целосно природно преземање на улогата во разговорот, споменување на некого/нешто, алудирање итн. | Може да создаде кохерентна и кохезивна дискусија целосно и соодветно употребувајќи различни организациски структури и голем опфат на сврзници и други кохезивни средства. |
| C1 | Има добро познавање на широк опфат на јазикот, што му/ѝ овозможува да избере формулација да се изрази јасно со соодветен стил на голем број општи, академски, стручни или теми поврзани со слободното време, без да мора да ограничува што сака да каже | Конзистентно одржува граматичка точност на високо ниво; ретко прави грешки кои тешко можат да се приметат и во принцип се исправаат кога ќе се направат. | Може да се изразува течно и спонтано, скоро без напор. Само концептуално тешка тема може да го попречи природниот, непречен тек на јазикот. | Може да избере соодветна фраза од достапен опфат на говорни функции, за да даде вовед за своите забелешки со цел да почне да учествува во дискусијата или да продолжи да учествува во дискусијата, како и вешто да го поврзе својот придонес во дискусијата, со оној на другите говорници. | Може јасно, непречено да говори со добра структура, покажувајќи контролирана употреба на организациски структури, сврзници и кохезивни средства. |
| B2+ | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| B2 | Има доволен опфат на јазикот за да може да даде јасни описи, да изрази ставови за повеќе општи теми, без долго очигледно размислување за зборови, притоа употребувајќи некои сложени форми на реченици. | Покажува релативно висок степен на граматичка контрола. Не прави грешки кои предизвикуваат недоразбирање и може да исправи најголем дел од неговите/нејзините грешки. | Може да искажува сегменти со прилично еднакво темпо; иако тој/таа може да се двоуми барајќи структури и изрази. Прави неколку забележително долги паузи. | Може да иницира дискусија, да учествува во дискусијата кога е потребно и да го заврши разговорот кога има потреба, иако можеби нема секогаш да го направи тоа елегантно. Може да помогне во дискусијата кога основата е позната потврдувајќи дека разбира, поканувајќи ги другите итн. | Може да користи ограничен број на кохезивни средства за да ги поврзе своите изрази во јасна, кохерентна дискусија, иако може да постои „напнатост“ при подолго зборување. |
| B1+ | | | | | |
| B1 | Има доволно ниво на јазик за да се снајде, со доволно зборовен фонд за да се изрази со малку колебање и заобиколување на теми како семејство, хоби и интереси, работа, патување и тековни настани. | Доста точно употребува репертоар на често употребувани „рутини“ и структури поврзани со попредвидливи ситуации. | Може исцрпно да продолжи со зборување, иако прави паузи за граматичко и лексичко планирање, а поправката е многу очигледна, особено при подолги сегменти на слободно зборување | Може да иницира, одржува и заврши едноставна конверзација лице-во-лице на теми кои се познати или се од личен интерес. Може да повтори дел од она што некој го кажал, за да го потврди заемното разбирање. | Може да поврзе серија на пократки, дискретни едноставни елементи во поврзан, линеарен редослед на поенти. |
| A2+ | | | | | |
| A2 | Употребува основни структури на реченици со запаметени фрази, групи на неколку зборови и фрази за да пренесе ограничени информации во едноставни секојдневни ситуации. | Точно употребува некои едноставни структури, но се уште на систематски начин прави основни грешки. | Може да биде разбран со многу кратки изрази, иако паузите, погрешното започнување и преформулирањата се многу очигледни. | Може да одговори на прашања и да даде одговор на едноставни изјави. Може да покаже кога следи, но ретко може да разбере доволно за да го одржи разговорот по сопствена желба. | Може да поврзе групи на зборови со едноставни сврзници како „и“, „но“ и „поради“. |
| A1 | Има многу основен репертоар на зборови и на едноставни фрази, кои се однесуваат на лични податоци и одредени конкретни ситуации. | Покажува само ограничена контрола на неколку едноставни граматички структури и структури на реченици во запаметен репертоар. | Може да се справува со многу кратки, изолирани, главно однапред подготвени изјави, со големи паузи за да размисли за изрази, да пренесе помалку познати зборови и да ја поправи комуникацијата. | Може да прашува и да одговара на прашања за лични детали. Може едноставно да комуницира, но комуникацијата е целосно зависна од повторување, преформулирање и исправки. | Може да поврзе зборови или групи на зборови со многу едноставни линеарни сврзници како „и“ или “тогаш“. |

# ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**1343.**

Врз основа на член 41 став 1 алинеја 1 и член 41 – а алинеја 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11), а во врска со членовите 25 и 35-ѓ од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 158/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА

1. Во Упатството за начинот на вршење на надворешна контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/12) по точката 8 се додава нова точка 8-а која гласи:

„8-а. Телото кое врши контрола е должно да има воспоставено методологија за начинот на вршење на контрола на системот за заштита на личните податоци во согласност прописите за заштита на личните податоци и одредбите на ова упатство.“

2. Во точката 19 во ставот 2 се додава нова реченица која гласи:

„При документирање на мислењето за извршената контрола, лицето кое врши контрола задолжително прави проценка на степенот на усогласеност на воспоставениот систем за заштита на личните податоци кај контролорот.“

3. Во точката 21 се додава нов став 2 кој гласи:

„Во случај кога Дирекцијата за заштита на личните податоци ќе констатира дека не се применети правилата за обезбедување на целосна систематска, непристрасна и независна контрола на системот за заштита на личните податоци кој што е воспоставен кај контролорот, тогаш доставениот Извештај од ставот 1 на оваа точка, може да го врати на телото кое ја извршило контролата, за да изврши повторна надворешна контрола во согласност прописите за заштита на личните податоци и одредбите на ова упатство. Трошоците за повторната надворешна контрола паѓаат на товар на телото кое ја извршило контролата.“

4. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-908/1
19 април 2013 година
Скопје

Директор,
**Димитар Ѓеорѓиевски**, с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2013 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2013060